РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА АЕРОДРОМ
Бр. 04-3825/8
05 AUG 2025 год.
СКОПЈЕ



Врз основа на член 45 од Законот за административни службеници („Службен весник на РМ" бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16, 11/2018 и „Службен весник на РСМ" бр. 275/19, 14/2020, 215/2021, 99/2022 и 208/2024), в. д. градоначалникот на Општина Аеродром на 5.8.2025 година ја донесе следнава:

# ОДЛУКА

за избор на кандидат по јавен оглас за вработување административен службеник по јавен оглас број 510/2025

1. За извршител за работното место ИНС 01 01 В04 001 Помлад соработник – помлад инспектор за заштита на животната средина, во Одделение за градежна инспекција, инспекција за животна средина и инспекција за домување, Сектор за инспекциски работи, се избира кандидатот Кокан Митевски.
2. Именуваниот од точка 1 на оваа одлука ќе биде вработен на работното место по конечноста на оваа одлука, за што ќе се донесе посебно Решение за вработување.
3. Оваа одлука се доставува до избраниот кандидат и ќе се објави на веб-страницата и на огласната табла на Агенцијата за администрација.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

По барање на Општина Аеродром, Агенцијата за администрација објави Јавен оглас број 510/2025 на својата веб-страница, како и во дневните весници „Нова Македонија", „Слободен печат" и „Коха", на 14.6.2025 година, за вработување административен службеник од група 1, подгрупа I, еден извршител за работно место ИНС 01 01 В04 001 Помлад соработник – помлад инспектор за заштита на животната средина, во Одделение за градежна инспекција, инспекција за животна средина и инспекција за домување, Сектор за инспекциски работи.

Со решение за формирање на Комисијата за селекција за вработување по јавниот оглас на Агенцијата за администрација број 10-1366/3 од 4.7.2025 година (измена на Решение број 10-1366/6 од 24.7.2025 година), формирана е комисија што ја спроведе постапката за селекција за вработување административни службеници по јавниот оглас.

Комисијата за селекција на ден 4.7.2025 година со почеток во 9:00 часот во просториите на Агенцијата за администрација спроведе административна селекција за огласот број 510/2025, при што утврди дека за работното место број 1 се пријавиле вкупно 15 (петнаесет) кандидати, од кои во втората фаза продолжиле 7(седум) пријавени кандидати.

Комисијата за селекција по јавен оглас спроведе постапка за полагање испит, проверка на веродостојноста на доказите и одржа интервју со кандидатите коишто се појавија на интервјуто.

Согласно со добиените бодови од административната селекција, спроведениот испит за административен службеник и спроведеното интервју, Комисијата за селекција за вработување по јавен оглас изготви конечна ранг-листа на кандидати од сите фази на селекцијата.

Врз основа на конечната ранг-листа на кандидати од сите фази на селекцијата и предлог за вработување на кандидатот со најголем број освоени бодови, а согласно со член 45 од Законот за административни службеници, в. д. градоначалникот на Општина Аеродром за работното место ИНС 01 01 В04 001 Помлад соработник – помлад инспектор за заштита на животната средина, го избира кандидатот Кокан Митевски.

Врз основа на горенаведеното, се одлучи во диспозитивот на оваа Одлука.

**Упатство за правно средство:** Против оваа Одлука, незадоволниот кандидат има право на жалба до Агенцијата за администрација во рок од 8 (осум) дена од денот на објавувањето на одлуката на веб-страницата и на огласната табла на Агенцијата за администрација.

Изготвила:
Соработник за развој и унапредување на процесот
за управување со човечки ресурси
Ирена Петревска

в. д. Градоначалник
на Општина Аеродром
Дејан Митески

Република Северна Македонија-Општина Аеродром • Скопје •